# СИНЕРГА

З А Ш Т И Т А   С О   С Т И Л

**СИНЕРГА ДООЕЛ**
Мини индустриска зона
нас. Плитишта бб
6330 Струга, Р. Македонија
Контакт тел.: +389 (0)46 781 330
Факс: +389 (0)46 781 329
Мобилен тел.: +389 (0)75 444 797
e-mail: komercija@sinerga.com.mk

ЗАШТИТА СО СТИЛ



СИНЕРГА
ЗАШТИТА СО СТИЛ

## Почитувани деловни партнери,

Компанијата Синерга Дооел Струга ја основавме во 2007 година како специјализирана компанија за производство на стилска заштитна работна облека за сите индустриски гранки, здравствениот и угостителскиот сектор, како и за компаниите за логистички и сервисни услуги.

Во својата производна програма имаме сопствени колекции на работна облека со над 150 основни модели кои ги нудиме, изработени од ткаенина со различна тежина и суровински состав, со можност за избор од широката палета на бои и нивна комбинација од страна на купувачите без ограничувања за минимална количина.

Покрај стандардна работна облека, за која гарантираме постојаност на боите и после 80 перења, со занемарлив процент на собирање и покрај перење на висока температура, произведуваме и облека за различни видови ризици и специфични барања во процесот на работа, стандардизирана според важечките европски норми и прописи, и тоа:

- Облека за висока видливост;
- Облека за заварување и брушење;
- Облека отпорна на киселини;
- Облека со антистатичка решетка;
- Облека со водонепропустна и прозрачна мембрана;
- Облека за ниски температури.

Со сопствен капацитет од 140 вработени и преку 100 лица вработени кај нашите соработници кои произведуваат ексклузивно само за потребите на Синерга, годишно произведуваме преку 300 000 единици врвна работна облека наменета за германскиот пазар и за земјите во нашето опкружување.

Облеката што ја произведуваме дополнително ја брендираме-означуваме со логотип по желба на нашите клиенти во нашиот сектор за вез и термотрансфер.

Преку каталогот кој е пред Вас, во својство на овластен дистрибутер сакаме да Ви ја претставиме целокупната понуда на компанијата *Portwest* - Ирска, еден од европските лидери на подрачјето на производство и дистрибуција на средства за лична заштита.

Богатата програма од над 1000 артикли, нивниот квалитет, цени и огромниот лагер со висок процент од над 90 проценти на моментална реализација на секоја нарачка, ја чини понудата на *Portwest* исклучително конкурентна.

Освен понудата на комапнијата *Portwest Ирска* во нашата големопродажна програма на заштитна опрема, како овластени дистрибутери ја нудиме и понудата на некои од водечките европски специјалисти во тоа подрачје:
*Diadora Utility Италија* - специјализиран произведувач на високо квалитетни заштитни обувки и облека;
*Giasco Италија* - специјализиран произведувач на висококвалитетни обувки;
*ICC Португалија* - специјализиран произведувач на висококвалитетни обувки;
*Kratos Safety Франција* - специјализиран произведувач на опрема против пад.

Со желба преку нашиот пристап, понуда и квалитетна програма да ја оправдаме Вашата доверба, се препорачуваме за долгогодишна соработка.

Со почит

*Sinerga team*



СИНЕРГА
ЗАШТИТА СО СТИЛ

SYNERGA

TRANSFORMA
облечен за успех

ALFA
ЗАШТИТА СО СТИЛ!

ALFA+
ЗАШТИТА СО СТИЛ!






BROCHURE OVERPRINT **TEMPLATE OPTION 1 - INSIDE COVER**
ORDER REFERENCE: **Z985-MK-11820-12** PROOF **#: 1**